Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 02 3 235 400; Факс: + 389 02 3 235 500
e-mail: manu@manu.edu.mk

Арх. бр.02-2530/1
18.09.2017 година

Врз основа на член 23 од Законот за Македонската академија на науките и уметностите („Сл. весник на РМ“ бр.13/96, 5/09 и 59/12), член 90 став 1 точка 5 од Статутот на Македонската академија на науките и уметностите-Пречистен текст („Билтен“ бр. 1/2013), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2014), Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Македонската академија на науките и уметностите („Билтен“ бр. 1/2015), а во врска со член 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РМ“ бр.13/06, 6/10 и 42/14), Извршниот одбор на седницата одржана на 18.09.2017 година донесе

# ОДЛУКА
## за утврдување листа на информации од јавен карактер

Член 1

Со оваа одлука се утврдува листа на информации од јавен карактер која ги создала и со кои располага Македонската академија на науките и уметностите и тоа:

- **Акти (општи)**
  (Достапни во: Билтенот и на веб страница)
- **Тековни активности**
  (Достапни во: огласна табла и на веб страница)
- **Годишни извештаи**
  (Достапни во: публикација и на веб страница)
- **Научноистражувачка и апликативна дејност**
  (Достапни во: публикации и на веб страница)
- **Рецензии за избори во звања**
  (Достапни во: Билтенот и на веб страница)
- **Меѓународна соработка**
  Договори за меѓународна соработка
  (Достапни во: службата за меѓународна соработка)

- **Библиотека**
  Книжен фонд, списанија, билтени, изданија, пристап до бази на податоци

  (Достапни во: Библиотеката на МАНУ)

- **Архив**
  Архивски материјали

  (Достапни во: Архивот на МАНУ исклучиво за научноистражувачка дејност)

- **Издавачка дејност**
  Изданија на МАНУ

  (Достапни во: Библиотеката на МАНУ)

- **Финансиско-материјално работење**
- Годишен извештај за финансиско-материјално работење

  (Достапен во: Управата за јавни приходи)

- **Објавени постапки за јавни набавки**

  (Достапни на: ЕСЈН и веб страница)

Член 2

Заштитени од правото за слободен пристап до информации се сите лични податоци согласно Законот за заштита на личните податоци, податоците од персоналното досие на вработените, податоците за тековните финансиски активности по сите основи како и сите информации утврдени како исклучок од слободен пристап на информации утврдени во член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл. весник на РМ" бр.13/06, 6/10 и 42/14).

Член 3

Листата на информациииод јавен карактер се објавува на веб страната на Македонската академија на науките и уметностите.

Член 4

Службено лице за посредување со информации при остварувањето на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер со кои располага Академијата е Соња Тодоровска.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се доставува на потврдување на Претседателството на Академијата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ,

акад. Таки Фити